Врз основа на член 22 став (1) точка 5 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 7 од Законот за култура ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12 и 23/13), член 3 од Одлуката за востановување на културна манифестација "Големата мајка" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/11), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА КУЛТУРНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА "ГОЛЕМАТА МАЈКА"

### Член 1

За членови на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именуваат:

1. **Александар Каровски,**
2. **Петар Наневски,**
3. **Благојче Трпковски,**
4. **Јорданчо Тодосиев,**
5. **Дарио Николовски,**
6. **Ирфан Аземов,**
7. **Гоце Саздов,**
8. **Петко Костовски,**
9. **Ванчо Јовчев,**
10. **Емилја Кипровска, и**
11. **Марина Петровска.**

За Претседател на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Александар Каровски.

За заменик Претседател на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Ванчо Јовчев.

За секретар на Советот на Културната манифестација "Големата мајка" се именува Емилија Кипровска.

### Член 2

Мандатот на членовите на Советот на Културната манифестација "Големата мајка", од членот 1 на оваа одлука по правило е четири години, но не подолго од мандатот на советниците во Советот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Примерок од одлуката да се достави до секој од именуваните членови на Советот на Културната манифестација "Големата мајка".

### Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на членови на Советот на културната манифестација "Големата мајка", бр.07-1433/27 од 30.03.2011 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/11).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/13**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА БУРГАС, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

1. Се објавува Одлуката за збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Бургас, Република Бугарија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/12**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 11 став (3) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 14/12) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА БУРГАС, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

### Член 1

(1) Со оваа одлука се воспоставува збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Бургас, Република Бугарија, со цел унапредување на билатералната и регионалната македонско-бугарска соработка.

(2) Збратимувањето и соработката од став (1) на овој член ќе се врши по сите прашања од надлежност на локалната самоуправа и заеднички интерес, а посебно во областа на: јавните служби; урбанизмот и руралното планирање; заштитата на околината; локалниот економски развој; локалните финансии и инвестиции; комуналните дејности; културата; спортот; социјалната и детската заштита; воспитанието и образованието; здравствената заштита; регионалната соработка; учеството во проекти во Европската Унија и НАТО; организацијата и учеството на стопански, културни и спортски манифестации; и во други области.

### Член 2

(1) Збратимувањето и соработката меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Бургас, Република Бугарија ќе се уреди со Меморандум за збратимување и соработка кој е составен дел на оваа одлука.

(2) Меморандумот од ставот (1) на овој член во име на Општина Гази Баба ќе го склучи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Средствата за финансирање на збратимувањето и соработката меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Бургас, Република Бугарија ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Гази Баба.

### Член 4

По влегување во сила на оваа одлука, примерок од истата да достави до Министерство за локална самоуправа заради евидентирање на меѓуопштинската соработка и Општина Бургас, Република Бугарија.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/14**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ПРИЗРЕН, РЕПУБЛИКА КОСОВО**

1. Се објавува Одлуката за збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Призрен, Република Косово, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/13**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 11 став (3) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 14/12) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ И СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИНА ПРИЗРЕН, РЕПУБЛИКА КОСОВО

### Член 1

(1) Со оваа одлука се воспоставува збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Призрен, Република Косово, со цел унапредување на билатералната и регионалната македонско-косовска соработка.

(2) Збратимувањето и соработката од став (1) на овој член ќе се врши по сите прашања од надлежност на локалната самоуправа и заеднички интерес, а посебно во областа на: јавните служби; урбанизмот и руралното планирање; заштитата на околината; локалниот економски развој; локалните финансии и инвестиции; комуналните дејности; културата; спортот; социјалната и детската заштита; воспитанието и образованието; здравствената заштита; регионалната соработка; учеството во проекти во Европската Унија и НАТО; организацијата и учеството на стопански, културни и спортски манифестации; и во други области.

### Член 2

(1) Збратимувањето и соработката меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Призрен, Република Косово ќе се уреди со Меморандум за збратимување и соработка кој е составен дел на оваа одлука.

(2) Меморандумот од ставот (1) на овој член во име на Општина Гази Баба ќе го склучи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 3

Средствата за финансирање на збратимувањето и соработката меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Призрен, Република Косово, ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Гази Баба.

### Член 4

По влегување во сила на оваа одлука, примерок од истата да достави до Министерство за локална самоуправа заради евидентирање на меѓуопштинската соработка и Општина Призрен, Република Косово.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/15**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНА МЕСЕЧНА ПОТРОШУВАЧКА ПО СЕМЕЈНО ДОМАЌИНСТВО И СКАЛЕСТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ПРЕКУМЕРНО ПОТРОШЕНАТА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА БУЛАЧАНИ, СМИЛКОВЦИ, ЦРЕШЕВО И ВИНИЧЕ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за определување на просечна месечна потрошувачка по семејно домаќинство и скалесто зголемување на цената на прекумерно потрошената вода за пиење, за населените места Булачани, Смилковци, Црешево и Виниче - Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/14**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/12), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), расправајќи по Одлуката за определување на просечна месечна потрошувачка по семејно домаќинство и степенасто зголемување на цената на прекумерно потрошената вода за пиење, за населените места Булачани, Смилковци, Црешево и Виниче - Општина Гази Баба, бр.02-68/3 од 24.06.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНА МЕСЕЧНА ПОТРОШУВАЧКА ПО СЕМЕЈНО ДОМАЌИНСТВО И СКАЛЕСТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ПРЕКУМЕРНО ПОТРОШЕНАТА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ, ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА БУЛАЧАНИ, СМИЛКОВЦИ, ЦРЕШЕВО И ВИНИЧЕ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за определување на просечна месечна потрошувачка по семејно домаќинство и скалесто зголемување на цената на прекумерно потрошената вода за пиење, за населените места Булачани, Смилковци, Црешево и Виниче - Општина Гази Баба, бр.02-68/3 од 24.06.2013 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/16**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ГП БР.19.20 КО МАЏАРИ**

1. Се објавува Одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за ГП бр.19.20 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/15**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.59/11 - пречистен текст) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), постапувајќи по барањето поднесено од Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРОТ - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ГП БР.19.20 КО МАЏАРИ**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба го ослободува инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за ГП бр.19.20 КО Маџари, согласно Извод од план бр.806/2013 заведен со арх.бр.28-1066/22 од 15.05.2013 година, издаден од Општина Гази Баба согласно одобрен урбанистички проект со техн.бр.2012/30 од ноември 2012.

Инвеститорот Општина Гази Баба се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште во висина од 725.736,00 денари.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 став 2 на оваа одлука претставува 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште наменет за Општина Гази Баба, согласно Пресметката бр.13/13-3533/1- ПР за плаќање на надоместок од 19.06.2013 година, која е во надлежност на Град Скопје.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/17**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/16**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ПРОЦЕНА И УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ШТЕТАТА НАСТАНАТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-2226/2 од 25.06.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/13), се врши следното изменување и дополнување:

Во член 2, по членот на комисијата Васко Апостоловски, точката се заменува со запирка и се дополнува составот со:

**- БЛАГОЈА КЧЕВ (општинска администрација),**
**- АДНАН АЈРУЛА (општинска администрација),**
**- ЈАСМИНА МАРИНКОВИЌ (волонтер во општинска администрација),**
**- СНЕЖАНА СТОЈАНОВСКА (општинска администрација), и**
**- ТОНИ ПЕТРУШЕВСКИ (надворешен член за обезбедување фотографии од увид).**

**Член 2**

По член 2 се додаваат три нови члена "2-а" и "2-б" и "2-в" кој гласат:

**Член 2-а**

Од именуваните членови на комисијата се формираат 4 работни групи во зависност од природата на процената и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, и тоа:

**ПРВА РАБОТНА ГРУПА** - процена и утврдување на висината на оштетување на посеви под различни земјоделски култури:

- **БЛАГОЈЧЕ ТРПКОВСКИ,**
- **КОЦЕ ТРАЈКОВСКИ, и**
- **ТОНИ ПЕТРУШЕВСКИ.**

**ВТОРА РАБОТНА ГРУПА** - процена и утврдување на висината на оштетување на посеви под различни земјоделски култури

- **МАРИЈА СОТИРОВСКА,**
- **ТОНИ БОЈКОВСКИ, и**
- **ВАСКО АПОСТОЛОВСКИ.**

**ТРЕТТА РАБОТНА ГРУПА** - процена и утврдување на висината на оштетување на посеви под различни земјоделски култури

**- АДНАН АЈРУЛА,**
**- ЈАСМИНА МАРИНКОВИЌ, и**
**- БОРЧЕ ЈОВАНОВСКИ.**

**ЧЕТВРТТА РАБОТНА ГРУПА** - процена и утврдување на висината на оштетување на градежни објекти

**- БЛАГОЈА КЧЕВ,**
**- САШО МИТЕВСКИ, и**
**- СНЕЖАНА СТОЈАНОВСКА. "**

**Член 2-б**

Подрачјето на работа на работните групи е менливо односно се одредува од страна на Претседателот на комисијата, во зависност од карактерот и големината на подрачјето на природната непогода односно несреќата."

**Член 2-в**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба, за секоја новонастаната природна непогода или несреќа, по извршениот увид на лице место од страна на работните групи и обезбедените податоци, да формира стручна комисија заради обезбедување на потребна техничка и стручна помош при изготвување на збирниот извештај (елаборат) со финансиски показатели за вкупната проценета штета."

**Член 3**

Во член 5, по зборот "надоместок" се става запирка, зборовите "во висина од 12.000,00 денари" се бришат и се додава "кој ќе го одредува со решение Градоначалникот на Општина Гази Баба".

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/18**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06 и 14/12), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**
**ЗА САНАЦИЈА НА КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНА ЗГРАДА,**
**ОШТЕТЕНА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА**

1. Се објавува Одлуката за обезбедување на финансиски средства за санација на кровна конструкција на станбена зграда, оштетена од елементарна непогода, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.06.2013 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-3225/17**
**од 04.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), а во врска со барањето на станарите на станбена зграда на ул."Финска" бр.20, бр.08-2214/1 од 24.06.2013 година, Советот на Општина Гази Баба на Петтата седница одржана на ден 28.06.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА САНАЦИЈА НА КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНА ЗГРАДА, ОШТЕТЕНА ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства за санација на кровна конструкција на станбена зграда на ул."Финска" бр.20, н.м.М.А.-Ченто, оштетена од елементарна непогода-невреме на ден 23.06.2013 година.

**Член 2**

Вредноста на обезбедените финансиски средства, изнесува 120.000,00 денари, кој ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-2201/19**
**од 28.06.2013 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.07-2848/1 од 27.06.2013 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-2226/2 од 25.06.2013 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.8/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, на ден 27.06.2013 година, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-2226/2 од 25.06.2013 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.8/13), донесена на Четврттата (вонредна) седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 25.06.2013 година, и тоа:

- Во член 2, кај членови на комисијата, стои **“БОРИС”** ЈОВАНОВСКИ, треба да стои: **“БОРЧЕ”** ЈОВАНОВСКИ.

2. Оваа исправка ќе се објави во “Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.9/13, и станува составен дел на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.07-2226/2 од 25.06.2013 година (“Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.8/13).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Милан Андоновски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба; . . . . . . . . . . 4

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2013 година; . . . . . . . . . . 7

**ОДЛУКА** за давање согласност на одлуката на ЈКП ''Гази Баба – 2007''– Скопје, за одобрување на задолжување на ЈКП ''Гази Баба – 2007'' – Скопје спрема лизинг компанија; . . . . . . . . . .9

**РЕШЕНИЕ** за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба – 2007'' – Скопје; . . . 11

**ОДЛУКА** за давање согласност за намената на инвестицијата со цел реализација на проектот – изградба на фекална канализација во н.м Гоце Делчев (мерка 321 – подобрување на квалитетот на живот во рурални средини); . . 13

**ОДЛУКА** за утврдување на приоритет на проектот - изградба на фекална канализација во н.м Гоце Делчев (мерка 321 - подобрување на квалитетот на живот во рурални средини); . . . . . . . . . . 15

**ОДЛУКА** за давање согласност за намената на инвестицијата со цел реализација на проектот – изградба и реконструкција на локалната делница Црешево–Viниче (мерка 322 – обнова и развој на селата); . . . . . . . . . . 17

**ОДЛУКА** за утврдување на приоритет на проектот – изградба реконструкција на локалната делница Црешево–Виниче (мерка 322 – обнова и развој на селата); . . . . . . . . . . 19

**ОДЛУКА** за давање согласност за намената на инвестицијата со цел реализација на проектот – означување на културни и природни знаменитости во Општина Гази Баба (мерка 323 – зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја); . . . . . . . . . . 21

**ОДЛУКА** за утврдување на приоритет на проектот – означување на културни и природни знаменитости во Општина Гази Баба (мерка 323 – зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја); . . . . . . . . . . 23

**ОДЛУКА** за именување на членови на Советот на културната манифестација ''Големата мајка'' . . . . . . . . . . 25

**ОДЛУКА** за збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба, Република Македонија и Општина Бургас, Република Бугарија; . . . . . . . . . . 28

**ОДЛУКА** за збратимување и соработка меѓу Општина Гази Баба,Република Македонија и Општина Призрен, Република Косово . . . . . . . . . . 30

**ОДЛУКА** за давање согласност на одлуката за определување на просечна месечна потрошувачка по семејно домаќинство и скалесто зголемување на цената на прекумерна потрошената вода за пиење, за населените места Булачани, Смилковци, Црешево и Виниче - Општина Гази Баба. . . . . . . . . . . 32

**ОДЛУКА** за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за ГП бр.19.20 КО Маџари . . . . . . . . . . 34

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . . . 36

**ОДЛУКА** за обезбедување на финансиски средства за саниција на кровна конструкција на станбена зграда, оштетена од елементарна непогода . . . . . . . . . . 39

**ИСПРАВКА** . . . . . . . . . . 40

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 09/13**
**5 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци